ООУ „Љубен Лапе”
Ул „Васко Карангелевски“ бр.2 , општина Аеродром, Скопје
тел.  02 2450 220
e-mail: ljuben_lape@yahoo.com
web site: www.ljubenlape.edu.mk

# Самоевалуација

## ООУ„Љубен Лапе“, општина Аеродром, Скопје

за период 2018-2020 година

ООУ „Љубен Лапе”
Ул „Васко Карангелевски“ бр.2 , општина Аеродром, Скопје
тел.  02 2450 220
e-mail: ljuben_lape@yahoo.com
web site: www.ljubenlape.edu.mk

## Содржина:

Училишна комисија за самоевалуација ....................3

Општи податоци за училиштето ....................4

Извештај за спроведената самоевалуација ....................5

Подрачје 1: Наставни планови и програми ....................6

Подрачје 2: Постигнувања на учениците ....................7

Подрачје 3: Учење и настава ....................9

Подрачје 4: Поддршка на учениците ....................10

Подрачје 5: Училишна клима ....................11

Подрачје 6: Ресурси ....................13

Подрачје 7: Раководење, управување и креирање политики ....................15

Заклучок ....................16

ООУ „Љубен Лапе”
Ул „Васко Карангелевски“ бр.2 , општина Аеродром, Скопје
тел.  02 2450 220
e-mail: ljuben_lape@yahoo.com
web site: www.ljubenlape.edu.mk

## Училишна комисија за самоевалуација:

1. Елида Мелова, наставник
2. Бранкица Јованова, наставник
3. Добрила Јовановска – Ѓоргон, наставник
4. Снежана Мирчевска, педагог
5. Весна Манчевска, родител

## Општи податоци за училиштето:

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2018 – 2020 година |
| Вид на училиште | Општинско основно училиште |
| Основач | Општина Аеродром |
| Наставен јазик | Македонски јазик |
| Претседател на Училишен одбор | Сања Станисавовска |
| Директор на училиштето | Марјана Панчевска |
| Адреса на училиштето | Ул. „Васко Карангелевски“ бр.2 |
| Телефон | 02 2450 220 |
| е-пошта | ljuben_lape@yahoo.com |
| веб страна | www.ljubenlape.edu.mk |

ООУ „Љубен Лапе”
Ул „Васко Карангелевски“ бр.2 , општина Аеродром, Скопје
тел. 02 2450 220
e-mail: ljuben_lape@yahoo.com
web site: www.ljubenlape.edu.mk

## Извештај за спроведената самоевалуација

Врз основа на член 129 и 130 од Законот за основно образование ( Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) Училишната комисија за спроведување на самоевалуацијата на ООУ „Љубен Лапе“ , општина Аеродром, Скопје за период 2018-2020 година, изврши самоевалуација на работата и постигањата на училиштето.

Општинското основно училиште „Љубен Лапе“ за првпат ја спроведе самоевалвацијата по електронски пат, со тоа што цела комуникација меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес се одвиваше преку email, Viber и Zoom. На сите документи кои беа потребни за спроведување на самоевалвацијата им се пристапи по електронски пат и од нив се користеа информации. При изработка на анкетните прашалници се користеа Google forms и на тој начин истите беа брзо и ефективно распределени до сите испитаници од редот на наставниците, родителите и учениците. Електронската форма на прашалниците значително го олесни процесот на прибирање на податоците, но и овозможи значително побрза обработка на потребните информации.

Самоевалвацијата се изврши врз основа на индикаторите за квалитет распоредени во седум подрачја:
1. Наставни планови и програми (одговорно лице: Љупка Лесовска),
2. Постигнувања на учениците (одговорно лице: Јасминка Костадиновска),
3. Учење и настава (одговорно лице: Марина Митковска),
4. Поддршка на учениците (одговорно лице: Светлана Николовска),
5. Училишна клима (одговорно лице: Јасмина Велкова),
6. Ресурси (одговорно лице: Мирјана Накова)
7. Раководење, управување и креирање политики (одговорно лице: Елизабета Славковска).

За спроведување на самоевалуацијата беа ангажирани голем број на наставници , распоредени во седум тима на делување. За секој тим имаше определено одговорно лице кое ја координираше работата на тимот. На нивните редовни Online состаноци, тимовите ги планираа нивните активности и ги споделуваа искуствата од работата.

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

Индикатори
1.1 Реализација на наставните планови и програми
1.2 Квалитет на наставните планови и програми
1.3 Воннаставни активности

**Јаки страни**
- Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат.
- Наставниците редовно ги изработуваат годишните, тематските планирања и дневните подготовки .
- Наставниците подготвуваат наставни програми за деца со ПОП (посебни образовни потреби).
- Наставниците планираат и применуваат современи методи и техники за подобрување на квалитетот на наставата (ИКТ, примена на ЕКО содржини и др.).
- Наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми.
- Учество на родителите при изборот на изборните предмети (училиштето нуди избор на повеќе изборни предмети според наставниот план и програма).
- Наставните програми промовираат полова еднаквост и етничка рамноправност.
- Најголем број од учениците учествуваат во воннаставните активности (секции, приредби, екскурзии и сл.) според нивните интереси.
- Многубројни награди и постигнати резултати во воннаставните активности
- Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми.
- Училиштето нуди изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина.
- Постапката за избор на наставни предмети,се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.
- Најголем број од учениците учествуваат во воннаставните активности (секции, приредби, екскурзии и сл.) според нивните интереси.
- Училиштето обезбедува услови сите ученици да може да одат на излетите и екскурзиите што ги организира.
Наставниците ги поттикнуваат учениците да ги прифаќаат соучениците со посебни потреби.

**Слаби стани**

- Помош и поддршка на наставниците и службата (педагог, психолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор) во изработувањето индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби.
- Вклученост помеѓу наставниците, родителите и социјалните партнери во изработка на наставните планови и програми.
- Вклученост на учениците со посебни потреби во воннаставните активности.
- Соработка со учениците во планирањето на воннаставните активности.
- Влијание на родителите, наставниците и социјалните партнери во изработка на наставните програми

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Поголема вклученост на учениците со посебни потреби во воннаставните активности.
- Поголема помош и поддршка од стручните соработници во планирањето на наставата.
- Запознавање на учениците со нови техники на учење.
- Поголема вклученост на учениците при планирањето на воннаставните активности.
- Оспособување на наставниците за самостојно изработување на ИКТ ресурси.
- Потреба од асистенти за децата со ПОП.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

Индикатори
2.1 Постигнувања на учениците
2.2 Задржување/осипување на учениците
2.3 Повторување на учениците

**Јаки старани**

- Наставата е прилагодена според можностите и потребите на учениците.
- Во училиштето редовно се изведува дополнителна и додатна настава по сите предмети.
- Училиштето, наставниците и педагошко-психолошката служба препознаваат надарени ученици и континуирано го следат нивниот напредок.
- Голем дел од учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех.

- Училиштето  ги подобрува постигнувањата на учениците без разлика на половата и етничката припадност.
- Училиштето превзема одредени активности да ги подобри постигнувањата на учениците со пречки во развојот.
- Училиштето нуди низа воннаставни и вонучилишни активности, активно учество на учениците на конкурси и натпревари.
- Училиштето организира заеднички активности ( наставни, воннаставни и /или вонучилишни) наменети за јазични мешани групи ученици или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.
- Во училиштето се применува ИКТ во наставата.
- Постои соработка помеѓу учениците, стручните служби и наставниците.
- Сите ученици го завршуваат образованието, нема повторувачи и нема осипување од училиштето.
- Континуирано следење на редовноста, напредокот на учениците и преземање активности за подобрување на постигнувањата.
- Во училиштето редовно се истакнуваат и пофалуваат учениците кои постигнуваат солидни резултати при учесво на воннаставни активности.
- Континуирано водење на евиденција за индивидуалниот напредок на ученикот.
- Следење и анализирање на редовноста на учениците и превзема активности за зголемување на редовноста.
- Наставниците успешно ја продолжија наставата со употреба на онлајн платформи од 11 март, 2020 година.

**Слаби стани**

- Недостаток и ненавремено обезбедување на доволен број нагледни средства и помагала во наставата и воннаставните активности
- Училиштето не е доволно физички достапно за  вклученост на децата со пречки во развојот.
- Родителите не се запознаени за организирање заеднички активности ( наставни, воннаставни и /или вонучилишни) наменети за јазични мешани групи ученици или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.
- Родителите не се запознаени дека училиштето ја практикува инклузивноста, ги вклучува децата со пречки во развојот во своите секојдневни активности.
- Училиштето има намален просторен капацитет за прием на сите ученици од реонот.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Обезбедување на поголем број  нагледни средства, помагала, збогатување на библиотеката со лектирни изданија, лексикони, енциклопедии и стручна литература за наставници.
- Зголемување на информираноста на родителите за воннаставните и вонучилишните активности, за практикување

на инклузивноста од страна на училиштето и вклучување на децата со пречки во развојот.

- Зголемување на информираноста на родителите за организирање заеднички активности (наставни, воннаставни и /или вонучилишни) наменети за јазични мешани групи ученици или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.
- Училиштето ќе се стреми да обезбеди поголем просторен капацитет за прием на сите ученици од реонот.

## Подрачје 3: Учење и настава

Индикатори
3.1 Планирања на наставниците
3.2 Наставен процес
3.3 Искуства на учениците од учењето
3.4 Задоволување на потребите на учениците
3.5 Оценувањето како дел од наставата
3.6 Известување за напредокот на учениците

**Јаки старани**

- Наставниците разменуваат искуства и  информации при планирањето.
- Приодот на наставникот кон учениците вообичаено е прилагоден,адаптиран по различн основи.
- Наставникот избира соодветни задачи и активности користејќи при тоа различни ресурси .
- Наставниците остваруваат солидна меѓусебна интеракција како и интеракција со учениците.
- Наставникот ја поттикнува интеракцијата помеѓу учениците.
- Наставникот ги идентификува и почитува образовните потреби на учениците.
- Наставникот користи различни форми, методи и инструменти на оценување.
- Учениците се запознаени со критериумите и стандардите на оценувањето од страна на наставниците.
- Наставниците редовно ги известуваат  родителите за напредокот на учениците.
- Наставниците продолжија да предаваат преку разни електронски платформи во соработка со сите чинители во образовниот процес.

**Слаби стани**

- Немање соодветни услови за примена на ИКТ во наставата.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Набавка на поголем број компјутери и други современи и иновативни наставни технологии во училиштето, како еден од главните предуслови за поголема примена на ИКТ.

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

Индикатори
4.1 Севкупна грижа за учениците
4.2 Здравје
4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
4.4 Следење на напредокот

**Јаки старани**

● Училиштето има план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците.
● Наставниците подготвуваат и водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците.
● Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по тримесечја за својата паралелка.
● Соработката меѓу наставниците, педагошко-психолошката служба, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците е на восоко ниво.
● Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во однос на превенцијата од насилство и има кодекс на однесување.
● Наставниците пружија поддршка на учениците во воспитно-образовниот процес за време на светската пандемија на Ковид-19.

**Слаби стани**

- Неинформираност на родителите за изборот на набавка на храна, нејзиниот квалитет и квантитет на оброк.
- Учениците и родителите се недоволно информирани дека во училиштето има формирано инклузивен тим кој работи со ученици со пречки во развојот, здравствени проблеми и емоционални потешкотии.
- Родителите и учениците не се запознаени дека во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај.
- Родителите и учениците не се запознаени со процедурите кои училиштето ги спроведува за доделување на материјални средства за ученици кои што потекнуваат од социјално загрозени семејства.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

● Поголем проток на информации помеѓу училиштето и родителите за начините на оценувањето на квалитетот на храната и процедурите околу набавката на храна.

● Да се зголеми информираноста на родителите преку разни начини: веб страната на училиштето, огласни табли, информирање на Совет на родители, родителски средби, пишани документи, флаери, соопштенија, комуникација преку електронска пошта преку кои ќе се популаризираат сите видови активности кои ги спроведува училиштето.

## Подрачје 5: Училишна клима

Индикатори

5.1 Училишна клима и односи во училиштето

5.2 Промовирање на постигнувањата

5.3 Еднаквост и правичност

5.4 Партнерски однос со родителите и деловната и бизнис заедницата

**Јаки старани**

● Училиштето одлично води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

- Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците и родителите во училишниот живот.
- Училиштето има еднаков и правичен третман на сите ученици независно од пол, етничка припадност и социјално потекло.
- Училиштето води особена грижа за учениците од социјално загрозените семејства. Секогаш кога постои можност, училиштето обезбедува материјални средства или друг вид на помош преку надворешна финансиска поддршка или преку интерни хуманитарни акции.
- Целите на училиштето целосно се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Сите релевантни субјекти се вклучени во процесот на остварување на целите.
- Училиштето им обезбедува на учениците советодавна помош при изборот на училиште за понатамошното образование.
- Кодексот на однесување во училиштето го почитуваат сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители).
- Училиштето води грижа за одржување на редот и дисциплината, кои се на високо ниво.
- Во училиштето се преземаат мерки и активности за превенција од насилство и се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците.
- Во училиштето се реализираат предавања за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, како и предавања за негативните социјални појави (меѓуврсничко насилство, анти-корупција, и сл.)
- Партнерските односи на училиштето со локалната и бизнис заедница се транспарентни и во согласност со законските норми
- Наставниците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците

**Слаби стани**

- Пристапот во училиштето на учениците со телесни пречки во развојот е достапен само во училниците и тоалетите на приземје.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Подобрување на просторните услови во училиштето за потребите на лицата со телесни пречки во развојот.

## Подрачје 6: Ресурси

Индикатори
6.1 Сместување и просторни капацитети
6.2 Наставни средства и материјали
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5 Финансиско работење во училиштето

**Јаки старани**

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и учениците и за организирање воннаставни активности.
- Големината на училниците и фискултурната сала соодветствува на бројот на учениците во паралелките, а училишниот двор, согласно големината, изгледот и зелените површини со кои што располага, ги задоволува потребите на учениците и на вработените во училиштето.
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
- Библиотечниот лектирен фонд и постоечката стручна литература во училиштето се на задоволително ниво.
- Финансиските активности и финансиската состојба на училиштето се во рамките на законските прописи, а планирањата и реализацијата се транспарентни и секогаш уредно презентирани пред надлежните институции и Училишниот одбор.
- Училиштето има програма за професионален и кариерен развој на наставниците и вложува во јакнењето на вештините и способностите кај вработените.

**Слаби стани**

- Училиштето нема систем за разладување, ниту поставени клима уреди во канцелариите и училниците кои се изложени на интензивно сончево осветлување.

- Просторот во кој е сместена училишната библиотека не ги нуди потребните услови и не е оптимално искористен од учениците и наставниците.
- Кабинетската настава во училиштето не ги исполнува во целост потребните услови за реализација на современа практична настава и воннаставни активности.
- Во училиштето, наставниците и учениците имаат ограничен пристап за користење интернет, нема доволно можности за континуирано користење интернет. Учењето и наставата се збогатени преку користење на аудио-визуелна и ИКТ-опрема, но и тие недоволно се користат во реализацијата на содржините и целите на наставниот процес.
- Планираните и набавените потрошни средства и материјали, како и помагалата и нагледните наставни средства, не ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.
- Родителите се недоволно информирани за стручноста и компетенциите на наставниците и стручната служба за работа со деца со попреченост.
- Родителите и учениците не се информирани дека училиштето реализира програма за меѓуетничка интеграција и дека е збратимено училиште со ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – с.Кучевиште, Скопје.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Континуирана набавка на потрошен материјал за успешна реализација на активностите во наставниот процес.
- Обезбедување на поголем број наставни нагледни средства и помагала заради осовременување на наставната практика
- Континуирано збогатување на библиотечниот фонд со лектирни изданија, стручна литература и останата дополнителна литература, со цел збогатување на наставниот процес и содржини.
- Обезбедување на стабилна интернет врска во сите училишни простории.
- Набавка на клима уреди за просториите изложени на интензивно сончево осветлување.
- Подобрување на условите во училишната библиотека, збогатување и проширување на просторот со читална и создавање на услови библиотеката да прерасне во медиотека.
- Ажурирање на интернет страната и пополнување на истата со повеќе информации за активностите во училиштето, со што ќе се постигне поголема промоција на училиштето, но и повисок степен на информираност за активностите во училиштето.

## Подрачје 7: Раководење, управување и креирање политики

Индикатори
7.1 Управување и раководење со училиштето
7.2 Креирање на училишната политика

**Јаки старани**

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето и притоа се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на Училишниот одбор
- Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.
- Раководниот орган успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, ставајќи ги во центарот на своето работење постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.
- Мисијата и визијата на училиштето се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата.
- Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите (во согласност со мисијата, визијата и вредностите на училиштето) што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

**Слаби стани**

- Постои делумно мислење кај родителите и учениците дека вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно не учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.
- Недоволна информираност кај родителите дека училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Подобрување на планираните програмски активности за поголемо вклучување на вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители во креирањето и подобрување на политиките, како и нивно активно учество за нивно остварување.
- Училиштето да изнајде и применува различни механизми на информирање и транспарентност во однос на планираните акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели.

## Заклучок:

По извршените анализи на собраните податоци од седумте подрачја, може да се констатира дека ООУ „Љубен Лапе“ има мноштво силни страни.

Наставниците целосно ги реализираат наставни планови и програми и притоа вршат интеграција на меѓупредметните цели. Родителите се целосно информирани за целите на наставните планови и програми преку родителските средби. Наставата е прилагодена според потребите и можностите на учениците.

Училишниот одбор им обезбедува редовни и детални информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Понатаму, голем број на ученици земаат учество во воннаставните активности на училиштето и добиваат награди на разни натпревари и конкурси. Една од идните активности е и поголема вклученост на учениците со посебни образовни потреби во воннаставните активности во училиштето со цел да им се овозможи континуирана поддршка од сите аспекти. Исто така, една од клучните потреби кои произлегоа од анализирањето на податоците е потребата од лични асистенти на ученците со посебни образовни потреби. На тој начин полесно би го совладувале материјалот предвиден според нивниот ИОП.

Наставиците вредно работат на подбрување на постигањата на сите ученици во училиштето, за што сведочи и општиот просек на училиштето. Воедно, училиштето редовно ги истакнува учениците кои постигнуваат успеси и ги поттикнува да продолжат да се усовршуваат. За формирање на оцените се користат формативното и сумативното оценување, што значи дека наставниците користат различни форми, методи и инструменти во оценувањето.

Со оглед на тоа дека на 11 март, 2020 година заради светската пандемија на КОВИД-19 наставата продолжи да се одвива по електронски пат, постана повеќе од нужно да се потенцира потребата за континуирано осовременување на учиштето и на образовниот процес. За таа цел е потребна набавка на компјутери и таблети, како и постојан пристап до интернет за да може успешно да се применува ИКТ во наставата. За наставниот процес постојано да се унапредува потребен е поголем број на нагледни средства и помагала, што е заеднички заклучок на неколку подрачја. Исто така, еден од идните приоритети е да има секојдневно ажурирање на веб страната на училиштето, од која сите ќе можат да се информираат за минати, моментални и идни активности на училиштето, како и за неговата историја, кодекси, планирања, успеси итн.

Во училиштето секоја година расте бројот на запишани ученици, што значи дека училиштето има огромна потреба за зголемување на просторниот капацитет, односно доградување на нови училници за воспитно-оразовниот процес да може да се одвива непречено.

Исто така, училиштето не располага со систем за разладување кој е потребен во исклучително топлите месеци за да постои соодветна работна атмосфера во која ќе работат учениците и наставниците.

Повторно, заради светската пандемија, наставниците ставија голем акцент на грижата за учениците, со тоа што одржаа предавања за заштита од корона вирусот. Воедно, вреди да се спомне дека наставниците, како и стручната служба и Директорот, редовно пружаат поддршка на учениците и во однос на учењето, но и на емоционален план. Безбедноста на учениците е зајакната поради фактот што наставниците се обучени да даваат прва помош, но и да постапуваат соодветно за време на пожар или елементарни непогоди. Исто така, во училиштето се реализираат предавања за штетноста на цигарите, алкохолот и дрогата.

Во училиштето психичкото и физичкото насилство, како и дискриминацијата не се толерираат и се преземаат различни мерки за истите да се санкционираат.

Самоевалвацијата јасно покажа дека нашето училиште има исклучително силни страни, но и приоритети. Најважно, наставниците покажаа голема волја и способност вешто да се адаптираат на новонастанатата ситуација во светот и успешно да го продолжат образовниот процес преку разни алатки и платформи.

ООУ „Љубен Лапе”
Ул „Васко Карангелевски“ бр.2 , општина Аеродром, Скопје
тел.  02 2450 220
e-mail: ljuben_lape@yahoo.com
web site: www.ljubenlape.edu.mk

Комисијата, Извештајот за извршената самоевалуација на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, Директорот на училиштето и основачот.

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА:**

1. Елида Мелова, наставник ____________________
2. Бранкица Јованова, наставник ____________________
3. Добрила Јовановска – Ѓоргон,  наставник ____________________
4. Снежана Мирчевска,  педагог ____________________
5. Весна Манчевска,  родител ____________________

Скопје
јули,  2020 година